# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ ОПШТИНА РЕСЕН

# 2013-2017

## ДЕЛ ОД ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2013-2017

- ФОРМИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДВЕ ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ
- ФОРМИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДВЕ ТУРИСТИЧКИ ЗОНИ
- ИЗГРАДБА НА ДВЕ СПОРТСКИ УЧИЛИШНИ САЛИ
- УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ БОГАТСТВА КОИ ГИ СОДРЖИ ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА „ЕЗЕРАНИ“, КАКО И ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО ГРАДОТ И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
- ИЗГРАДБА НА НОВИ КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ И ДОГРАДБА НА ПОСТОЈНИТЕ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА НАДВОР ОД ГРАДОТ
- ПОДОБРУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДОТ И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
- ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
- ИЗГРАДБА НА НОВИ СТАНОВИ ЗА СОЦИЈАЛНИ СЛУЧАИ
- ВТОРА ФАЗА НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ РЕСЕН
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ТРОТОАРИ ВО ГРАДОТ И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во општината Ресен, во соработка со Владата на Република Македонија ќе отвориме две туристички развојни зони за кои веќе извршивме урбанизација на предвидените локации. Преку овие туристички развојни зони ние ќе овозможиме поволни услови за потенцијалните инвеститори и континуирано ќе вршиме промоција на истите со цел да ги претставиме карактеристиките и погодностите на општината пред инвеститорите за да ги убедиме да инвестираат во сферата на туризмот. Со тоа ќе придонесеме за развој на локалната економија, отворање нови работни места, а сето тоа ќе води кон придвижување на економијата и подобрување на животниот стандард во општината Ресен.

Како резултат на добрите политики во земјоделството што ги спроведува Владата на Република Македонија предводена од ВМРО- ДПМНЕ и во нашата општина со сигурност очекуваме да се изнајде инвеститор кој ќе започне со изградба на откупно-дистрибутивен центар за јаболка во месноста Макази, со што ќе го надминеме долгогодишниот проблем за откуп и дистрибуција на ресенското јаболко.

Во месноста Макази обезбедивме површини од 10 хектари што претставува солидна основа за формирање и развој на индустриска зона погодна за вложување и во други содржини кои не се поврзани само со откупот и преработката на ресенското јаболко.

Дополнителни површини ќе бидат обезбедени и во втората индустриска зона лоцирана на поранешната фабрика „Преспатекс“ што ќе претставува погодно место за возобновување на производствени активности од поголем обем; ние ќе овозможиме развој на индустриска зона на оваа површина. За Ресен и ресенчани е битно да го развиваме и овој сегмент и затоа ние како општина предвидуваме тој дел да го издвоиме како индустриска зона на Ресен, со тоа што постојните капацитети ќе бидат вклопени во индустриската зона, а слободните парцели ќе бидат продадени на инвеститори за кои општината ќе вложи напори да отворат свои бизниси.

Во функција на остварување на поголем локален економски развој на општината Ресен, ќе бидат реализирани следните проекти:

### Проект Изработка на нова Стратегија за развој на локалната економија со акциски план за периодот 2013-2020

**Опис:** Новата Стратегија за развој на локалната економија со акциски план за периодот 2013-2020 ќе ги содржи главните цели и насоки за целокупното стопанство и економскиот развој на општината Ресен. Преку оваа стратегија ќе се фокусираме на приоритетните области за развој на економијата, а тие се инфраструктурата, образованието, земјоделството и туризмот.

**Средства:** 100.000,00 денари **Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

### Проект Поддршка при формирање и развој на две индустриски зони во Макази и Преспатекс

**Опис:** Во месноста Макази обезбедивме површини од 10 хектари што претставува солидна основа за формирање и развој на индустриска зона погодна за вложување и во други содржини кои не се поврзани само со откупот и преработката на ресенското јаболко.

Дополнителни површини ќе бидат наменети и во втората индустриска зона лоцирана на поранешната фабрика Преспатекс што ќе претставува погодно место за возобновување на производствена активност од поголем обем. За Ресен и ресенчани е битно да го развиваме и овој сегмент. Затоа, ние како општина предвидуваме да го издвоиме тој дел како индустриска зона на Ресен, со тоа што постојните капацитети ќе бидат вклопени во

индустриската зона, а слободните парцели ќе бидат продадени на инвеститори, за кои општината ќе вложи напори да отворат свои бизниси.
**Средства:** 200.000,00 денари **Извори на финансирање:** Буџет на општината
Рок за реализација: 2013-2014.

# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Покрај проектите: „Бесплатни учебници за сите ученици од основно и средно образование", „Бесплатен Интернет во сите основни и средни училишта", „Опремување на училиштата и училишните кабинети" кои континуирано ќе се имплементираат во наредниот период и ќе се финансираат со средства обезбедени од програмите на Владата на Република Македонија, ние ќе ги имплементираме и следните проекти:

### Проект Изградба на две спортски училишни сали

**Опис:** Со цел поттикнување на правилен психофизички развој и поттикнување на спортскиот и натпреварувачкиот дух кај младите и возрасните во соработка со Владата на Република Македонија ќе изградиме две спортски сали во:

- ОУ „Мите Богоевски" и
- ОУ „Гоце Делчев

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија
Рок за реализација: 2015.

### Проект „Општината ги стипендира најдобрите"

**Опис:** Со цел да ги поттикнеме најдобрите ученици, средношколци и спортисти, општинската администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ согласно со капацитетите и можностите на општината, во соработка со приватниот сектор и со странски донатори ќе обезбеди средства за стипендирање на најдобри три ученици, двајца средношколци и три спортисти. Со овој проект ќе го поттикнеме јакнењето на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието.
**Средства:** 80.000,00 денари годишно **Извори на финансирање:** Буџет на општината
Рок за реализација: 2013-континуирано.

### Проект Организирање на локални натпревари по математика, природни науки и иновации во соработка со основните училишта

**Опис:** Локалната самоуправа на Ресен предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди награди и ќе биде патрон на локалните натпревари по математика, природни науки и иновации. Училиштата како соработници во овој проект ќе вршат осмислување на методологијата на оценување на натпреварувачите, додека пак, целосниот концепт на натпреварите би требало да го осмислат општината и училиштата заедно.
**Извор на финансирање:** Буџет на општина
Рок за реализација: 2013-континуирано.

# СПОРТ И МЛАДИ

Изградба, реконструкција и опремување на спортски сали, фудбалски и тениски игралишта, изградба и реконструкција на базени, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности, поддршка на спортските таленти и друго, се трајна определба на ВМРО-ДПМНЕ во сферата на спортот. Во таа насока во нашиот четиригодишен мандат ќе ги спроведеме следните активности и проекти:

**Изградба на едно повеќенаменско спортско игралиште**

**Опис:** Повеќенаменското игралиште ќе биде ставено на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштето ќе може да се користи деноноќно и ќе биде место за собирање и дружење на младите генерации, како и основа за создавање здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење.

**Средства:** 5.000.000,00 денари **Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок за реализација: 2013-2015.

**Проект Основање училишни спортски клубови**

**Опис:** Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт ќе се заложиме за основање училишни спортски клубови во повеќе спортови. На овој начин ќе го поттикнеме негувањето и развојот на училишниот спорт во нашата општина.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија/ Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

**Проект: Поддршка за учество во училишни лиги во повеќе спортови**

**Опис:** Активностите за организирање и спроведување на натпреварите во училишните лиги ќе се спроведат во соработка со Федерацијата за училиштен спорт и другите општини. Преку овој проект ќе се овозможи неопходната поддршка за учество на младите во општински, зонски и регионални натпревари помеѓу училишните екипи во повеќе спортови.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината и Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Спортско лето „Спорт за сите“**

**Опис:** Тргнувајќи од стратешките приоритети изнесени во Националната програма за развој на спортот, предвидена е реализација на проект преку кој ќе се изврши популаризација на повеќе спортови. Проектот Спортско лето „Спорт за сите“, има за цел, на едно место, во период од неколку денови во летниот период да се врши презентација на различни спортови и да се одржуваат бесплатни часови за обука.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

**Проект: Поддршка за учество во училишни лиги во повеќе спортови**

**Опис:** Активностите за организирање и спроведување на натпреварите во училишните лиги ќе се спроведат во соработка со Федерацијата за училиштен спорт и другите општини. Преку овој проект ќе се овозможи неопходната поддршка за учество на младите во општински, зонски и регионални натпревари помеѓу училишните екипи во повеќе спортови.

Извори на финансирање: Буџет на општината и Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Возобновување на практикувањето на т.н. маалски фудбал и баскет**

**Опис:** Поаѓајќи од стратешките приоритети изложени во Националната програма за развој на спортот, во делот за спортската рекреација, односно „Спортот за сите“, во соработка со повиканите национални спортски федерации, предвидено е креирање концепт и воспоставување систем на натпревари во т.н. маалски фудбал и баскет за маалски тимови, кои подоцна би се вклучиле во систем на општински, зонски, регионални и државни натпревари. Во таа насока општината ќе овозможи целосна поддршка за возобновување на практикувањето на т.н. маалски фудбал и баскет.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

### Проект Организирање на традиционален преспански турнир во мал фудбал

**Опис:** Преку овој проект ќе организираме општински натпревари во мал фудбал и континуирано ќе даваме поддршка при спроведување и организација на овој преспански турнир во мал фудбал, со цел истиот да стане традиција за Ресен. Ќе бидат поканувани познати спортисти од Ресен.

**Средства:** 100.000,00 денари, годишно **Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: септември 2013 – континуирано.

### Проект Поддршка на вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање

- За да се обезбеди институционално учество на младите во донесување на одлуки во локалната самоуправа ќе се обезбеди поддршка на локален совет на млади. Преку локалниот младински совет би се обезбедило активно учество на младите во процесите на донесување одлуки, во општествениот јавен живот. Во рамки на поддршка на локални младински проекти, единицата на локалната самоуправа ќе обезбеди средства преку нејзиниот Буџет, со што би ги поттикнала младите луѓе да бидат активни и да размислуваат и да дејствуваат кон подобрување на средината и заедницата во која живеат. На тој начин, се создава партнерство преку кое младите и единицата на локалната самоуправа заеднички ќе го подобруваат квалитетот на живеење во општината. Овој проект ќе се спроведува од страна на единицата на локалната самоуправа, а во соработка со Агенцијата за млади и спорт и невладините организации.
- Подготвување локална младинска стратегија. Целта на локалната младинска стратегија е посеопфатно третирање на проблемите на младите и изнаоѓање решенија за истите. Иницијативата произлегува од Агенцијата за млади и спорт преку приоритетите изложени во Националната стратегија за млади и Акцискиот план за спроведување на истата. Овој проект ќе се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт и невладините организации.
- Формирање младински информативни и советодавни центри. Формирање младински информативни и советодавни центри во кои младите ќе имаат пристап до сеопфатни, разбирливи, точни, навремени и употребливи информации, дизајнирани според нивните потреби, како и нивно директно учество во процесот на младинско информирање на неформален начин, во пријателска атмосфера, при што ќе имаат можност за размена на најдобрите практики и искуства, проблеми и можности за соодветна обука. Овој проект ќе се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт и со невладините организации.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

Рок за реализација: 2013-2017.

### Проект Трибини за подигнување на свеста кај младите за претприемништво

**Опис:** Целта на трибините ќе биде да се истакнат можностите за младите кои се создаваат преку развивање на претприемничката иницијатива. На нив ќе се презентираат позитивните примери на успешни претприемачи и ќе се дискутира за поволностите што ги нуди државата за започнување сопствен бизнис.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

**Проект: Организирање хуманитарна акција за помош на младите од социјално загрозени семејства – ДОНИРАЈ!**

**Опис:** Известувања на веб-страницата на општината за потребата и начинот на донирање парична помош, облека, спортска опрема и спортски реквизити.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

**Проект Кампања Стоп за пороците**

**Опис:** Преку системот на образование, но и преку одржување трибини во населените места во општината ќе се влијае врз младите со цел избегнување на штетните последици од конзумирање на наркотични средства и алкохол, како и други пороци.

**Средства:** 50.000,00 денари, годишно

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: континуирано.

**Проект Поддршка на активностите на општинската организација на Црвениот крст**

**Опис:** Организирање на доброволни крводарителски акции во Ресен во соработка со спортистите и со Црвениот крст, со цел давање позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: континуирано.

# ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

**Проект Субвенционирање на курсеви по информатика за возрасни од посебни категории**

**Опис на проектот:** Проектот обезбедува надградба на знаењата од областа на информатиката за граѓаните на општината Ресен, нивно полесно вклучување во општествените процеси и олеснување на пристапот при комуникација. Исто така, преку овој проект ќе се овозможи постигнување повисок степен на информатичка подготвеност на населението и нивна поголема мобилност во извршување на работните задачи и секојдневни активности. Во согласност со потребите на граѓаните, ваков тип обуки ќе се организира континуирано повеќе пати годишно. Целна група за реализација на овој проект се лица над 45 години, подолго невработени лица, лица со посебни потреби и лица со ниски примања.

**Средства:** 60.000,00 денари, годишно **Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

# УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Проект Донесување на нов Генерален урбанистички план и на деталните урбанистички планови за населени урбанистички места**

**Опис:** Поради изминати рокови на важење и вградување на барањата за легализација ќе ги направиме сите потребни напори да донесеме нов Генерален урбанистички план и детални урбанистички планови за населените урбанистички места.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината/донации

Рок за реализација: 2013-2017.

**Проект Довршување на градската капела**

**Опис:** Во соработка со Македонската православна црква ќе го обезбедиме довршувањето на изградбата на капелата и нејзиното ставање во функција за потребите на граѓаните.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината/ МПЦ

Рок за реализација: 2013-2014.

Наредните проекти што ќе ги спроведеме се во насока на зачувување, унапредување и заштита на природните богатства кои ги содржи Паркот на природата „Езерани“, како и Преспанското Езеро.

Свесни сме за значењето и важноста на овие природни богатства, и затоа, за следните проекти заедничкиот предвиден буџет изнесува 250.000.000,00 денари.

**Проект Спроведување на планот за управување со Паркот на природата „Езерани“**

**Опис:** Преку овој проект ќе отпочне со работа канцеларијата за ренџери кои ќе вршат чување, одржување и заштита од пожари на паркот и ќе изградиме набљудувачници и туристички патеки со цел Паркот на природата „Езерани“ да го промовираме како туристичка дестинација за развој на научниот туризам.

**Средства:** заеднички буџет од 250.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013.

**Проект Надградба на технологијата на пречистителна станица кај Езерани**

**Опис:** Ќе ги искористиме напуштените рибници преку навраќање на Голема Река, со тоа што ќе се таложи нечистата вода од Голема Река и како прочистена ќе се влева во Преспанското Езеро.

**Средства:** Заеднички буџет од 250.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект: Надградба на системите за управување со земјоделски отпад**

**Опис:** Преку овој систем ќе го зголемиме капацитетот и површината на базните станици за собирање на земјоделскиот отпад.

**Средства:** Заеднички буџет од 250.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Служба за одржување и мониторинг на езерото (со лабораторија)**

**Опис:** Ќе овозможиме заштита на животна средина и подобрување на условите за здрав живот на граѓаните.

**Средства:** Заеднички буџет од 250.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Детални хидрогеолошки истражувања во сливот на езерото**

**Опис:** Како дел од програмата за подобрување на наводнувањето на овошните насади и со цел добивање на поквалитетен род ќе извршиме детални хидрогеолошки истражувања (на подземни води) во сливот на езерото.

**Средства:** Заеднички буџет од 250.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Контрола на ерозијата со опсежни пошумувања и уредување на приоритетните поројни водотеци во сливот**
**Опис:** Преку овој проект ќе се намали површината на ерозивни подрачја на територијата на Преспа.

**Средства:** Заеднички буџет од 250.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Организација на трибини за едукација, подигнување на свеста, јакнење на капацитетите за заштита на животната средина**
**Опис:** Преку овој проект ќе се стремиме да ја зголемиме свеста кај населението од потребата за заштита на животната средина и заштитата на Преспанското Езеро.
**Средства:** Заеднички буџет од 250.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2016.

**Проект Чистење на речното корито во селото Царев Двор и на останатите речни корита**
**Опис:** Преку реализацијата на овој проект ќе придонесеме за чисти и безбедни речни корита, а особено речното корито во селото Царев Двор.

**Средства:** 1.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2014-2016.

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

Осовременувањето на комуналната инфраструктура во општината Ресен преку Тригодишен план на програми за развој, а планот за 2012-2014 се состои од капитални инвестиции во областите: изградба на објекти, водоснабдување, канализација, изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици и чистење на речните корита, како и преку Програма за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на општината Ресен.

**ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ**
**Проект: Реконструкција на водоводна мрежа**
**Опис:** Оваа реконструкција ќе опфати и изградба на еден резервоар за вода во Ресен и во селото Јанковец

**Средства:** 37.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013-2014.

**Проект Реконструкција на постојната и изградба на нови водоводни мрежи во местата надвор од градот Ресен**
**Опис:** Ќе извршиме реконструкција на постојната водоводна мрежа и ќе изградиме нови водоводни мрежи во:

- селото Коњско - доизградба на водоводниот систем, изведба на цевовод од населбата до резервоарот, пумпна станица и изградба на резервоар;

- селото Долно Дупени - зафаќање на дополнителни количини на исправна вода за пиење и изградба на филтер-станица, цевовод во должина од 4.000 м, изведба на каптажа и изведба на филтер станица;
- селото Сливница - изградба на нов водоводен систем;
- зафати од помал обем на различни подрачја во општината.

**Средства:** 36.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината/ Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013-2017.

**Проект Изработка на техничка документација за изведба на водовод за индустриската зона Макази за дистрибутивен центар**

**Опис:** Изработката на техничката документација за изведба на водоводен систем за индустриската зона Макази каде ќе биде отворен дистрибутивен центар за земјоделски производи претставува почетна фаза за изградбата на овој водоводен систем. Овој проект се реализира во рамки на активностите за рамномерен регионален развој поддржани од Владата на Република Македонија, преку средства обезбедени за Пелагонискиот планински регион, во кој влегува и општината Ресен.

**Средства:** 180.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013-2014.

**КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ**

**Проект Изградба на нови канализациски системи и доградба на постојните во населените места надвор од градот Ресен**

**Опис:** Овој проект ќе опфати изградба и доградба на канализациски системи на следните места:

- селото Јанковец - доизградба на канализациската мрежа во долниот дел на селото;
- селото Стење - изведба на фекална канализација. Со инвестицијата ќе се зафатат отпадните води од селската населба и истите ќе се канализираат до местото предвидено за изградба на пречистителна станица;
- селото Љубојно – доизградба на фекална канализација;
- селото Долна Бела Црква – изградба на фекална канализација. Целта на инвестицијата е зафаќање на отпадните фекални води од населеното место;
- селото Козјак – изградба на фекална канализација. Целта на инвестицијата е сепарациско зафаќање на отпадните фекални води;
- селото Дрмени – изградба на фекална канализација. Целта на инвестицијата е сепарациско зафаќање на отпадните фекални води;
- селото Горна Бела Црква - доизградба на фекална канализација.

Со реализирање на горенаведените активности ќе се заштити и ќе се унапредат животната средина, природата и екосистемите, како во предложените селски населби кои се директни корисници од реализирањето на инвестициите, така и во целата општина индиректно. Овие активности преку правилното управување со фекалните води ќе овозможат создавање предуслови за подобрување на квалитетот на животот на населението.

**Средства:** 15 км – 45.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината / Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013-2017.

**УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ**

**Проект Изградба на парк во Ресен**

**Опис:** Паркот ќе биде одлично место за релаксација и рекреација на жителите на Ресен од сите генерации бидејќи проектот предвидува уредување и поставување на елементи за рекреација, изградба на патеки и поставување реквизити за деца.

**Средства:** 1.200.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2014.

**Проект Партерно уредување на плажите на езерото во селото Стење.**

**Опис:** Овој проект предвидува изградба на пешачка патека по должината на плажата во селото Стење, поставување на клупи и корпи за отпадоци, како и нивно хортикултурно уредување.

**Средства:** 2.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

**Проект Партерно уредување на влезовите во градот Ресен**

**Опис:** На овој начин ќе овозможиме креирање на убава глетка на влезовите во градот Ресен.

**Средства:** 300.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2014.

**УРЕДУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**Проект Промена на светилките со енергетско ефикасни светилки во целата општина Ресен**

**Опис:** Преку промената на светилките од јавната мрежа за осветлување со нови енергетско ефикасни светилки ќе создадеме услови за заштеда на електрична енергија и намалување на расходите од општинскиот буџет.

**Средства:** 250.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

- Поддршка на земјоделците преку отворање посебен центар за редовно информирање на примарните производители, обука на земјоделците за подготовка на проекти за искористување на ИПАРД-средствата за изградба на производни и преработувачки капацитети и другите мерки на поддршка на Владата на Република Македонија, советувања за употреба на добри земјоделски и хигиенски практики за сточарите за подобрување на квалитетот на млекото;
- Поддршка на формирање земјоделски задруги заради подобрување на статусот на земјоделците на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување основни услови за работа и функционирање (простории, помош за патувања и др.);
- Промоција и популаризација на развојот на органското производство, сточарството, собирањето и третманот на самониknatите растенија, на руралниот туризам, како и на искористување на средствата од програмите за финансиска поддршка и ИПАРД, преку советувања со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други експерти;
- Константно посредување и зајакнување на соработката меѓу индивидуалните земјоделци и преработувачите од РМ, како и соработка со странски преработувачи и увозници на земјоделски производи од нашиот регион;
- Користење на сугестиите на меѓународни стручни лица и други видови помош во врска со сортната застапеност (нови сорти) и подигањето на нови насади;
- Ќе се стремиме кон поддршка за воведување на мали агро-бизниси.

### Проект Донесување Програма за локален рурален развој

**Опис:** Со четиригодишната програма ќе се опфати изградба на полски патчиња на територијата на општината, кои треба да го олеснат пристапот на земјоделците до обработливите површини, изградба на патчиња во населените места од општината и други инфраструктурни објекти што ќе придонесуваат за подобрување на условите за живот, како и реконструкција и одржување (чистење) на каналите за наводнување.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: јуни 2013.

### Проект Поддршка при изградба на откупно-дистрибутивен центар за јаболка и други земјоделски производи во месноста Макази

**Опис:** Со реализација на овој проект ќе се обезбеди складирање на количините на јаболка и ќе се одложи продажбата до период кога на пазарот истите достигнуваат повисоки цени. Со помош на Владата на Република Македонија изработена е проектната документација и локацијата ќе биде понудена на приватен инвеститор.

Рок за реализација: 2013-2017.

### Проект Проширување на подигнатите и подигање на нови опитни насади

**Опис:** Потребно е да се направи современ демонстративен насад, со примена на најнови агротехнички мерки и со помош на најсовремена механизација, како и со практикување на најновите стручни достигнувања од областа на овоштарството. Се планираат и промотивни активности за популаризација на интензивни овошни насади и насади од цреша со цел запознавање на овоштарите со можноста за нови алтернативни пристапи во нивното работење.

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013–континуирано.

### Проект Поддршка при отворање на мали агро-бизниси

**Опис:** Оваа поддршка ќе биде насочена кон малите бизниси поврзани со преработка на јаболкото (јаболков оцет, јаболков чипс, компоти, јаболково пире и друго) по моделот на западноевропските држави преку јавно-приватно партнерство, преку доделување на неповратни средства и други. Истовремено, ќе го потпомагаме и подигањето на други овоштарски култури, цреши, вишни, јагоди и малинки и нивната преработка. Општината ќе помага околу подготовката на бизнис-планови, стапување во контакт со партнери, ослободување во целост од давачките за комунални дејности и друго.

**Средства:** 100.000,00 денари, годишно

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

### Проект: Иницијатива за отворање Институт за преспанското јаболко

**Опис:** Знаејќи ја важноста на јаболкото за населението во Ресен ќе направиме напори и постојано ќе се залагаме за отворање на Институт за преспанско јаболко.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

### Проект: Месечни советувања за овоштарите

**Опис:** Овие месечни советувања ќе се спроведуваат со поддршка на општинската администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ со стручни лица од агро-бизнисот и земјоделството. Преку истите ќе дадеме акцент на воведување агро-еколошки мерки во производството на храната и заштита на агробиолошката разновидност на насадите.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

## ТУРИЗАМ

Приоритет ќе дадеме на развојот на алтернативниот туризам, еко-туризмот, планинскиот, манастирскиот, ловниот, здравствениот, езерскиот, велосипедскиот и туризмот заснован врз спорт и рекреација во здрава средина. Ќе се стремиме да обезбедиме квалитетни туристички капацитети, развиена инфраструктура и богата туристичка понуда и промоција. Во таа насока, ќе ги спроведеме следните проекти:

### Проект Изготвување и спроведување Стратегија за развој на туризмот во општината Ресен

**Опис:** Локалната стратегија за развој на туризмот во општината Ресен ќе биде во целост усогласена со Националната програма за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија. Локалната стратегија за развој на туризмот во општината Ресен ќе даде акцент на:

- Промоција на можностите и потребите од искористување на сите сместувачки капацитети, како и поддршка во исполнувањето на условите при категоризацијата и стандардизирањето на сите сместувачки капацитети, особено на приватните;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси и капацитети за развој на езерски, спортски, еко, планински, рекреативен и здравствен туризам;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси за развој на културниот туризам, со значаен осврт на т.н. манастирски, односно црковен туризам и изработка на мапа на религиозни објекти на територијата на општината Ресен - Баба Планина;
- Поддршка на можностите за развој на зимскиот туризам и зимските спортови - Национален парк Галичица;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси и капацитети за развој на руралниот туризам;
- Развивање на можностите за лов и рекреативен риболов;
- Продолжување со уредување на плажите на Преспанското Езеро и нивно издавање под концесија.

**Средства:** 100.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

### Проект Поддршка при формирање и развој на две туристички зони на источниот и на западниот брег на Преспанското Езеро

**Опис:** Општината ќе овозможи услови за продажба на плацеви за изградба на мали хотели и викенд-населби, а истовремено ќе вложиме напори и кон промоција на оваа понуда и привлекување на инвеститори.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

### Проект Изградба на пристаништа на Преспанското Езеро

**Опис:** Преку овој проект ќе изградиме две понтонски пристаништа, во две туристички места во Преспа. Со тоа ќе создадеме услови за развој на езерскиот сообраќај и поголема туристичка понуда.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013.

### Проект Поставување туристичка сигнализација

**Опис:** Преку поставувањето на туристичка сигнализација која ќе опфати поставување на патокази, мапи, информативни табли и друго ќе се овозможи дополнителна зголемена информираност на туристите што доаѓаат во Ресен. Сето тоа ќе овозможи дополнителен развој на туризмот во општината и ќе се овозможи поголема промоција на атрактивните туристички дестинации во општината Ресен.

**Средства:** 200.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

### Проект Формирање на општински Совет за туризам

**Опис:** Советот ќе биде составен од претставници од туристички работници, туристички компании и агенции и претставници на општината Ресен. Целта на советот е тој да претставува место на кое ќе се води континуиран дијалог меѓу општинската власт и бизнисмените од сферата на туризмот со цел детектирање на проблеми, креирање иницијативи и подобрување на вкупната туристичка понуда на градот.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

## КУЛТУРА

### Проект Меѓународен фестивал на камерен театар „Актерот на Европа"

**Опис:** Овој Меѓународен фестивал на камерен театар „Актерот на Европа" има натпреварувачки карактер и се одржува во јули, во организација на Здружението „Езеро без граници". Преку фестивалот, кој беше покренат во 2003 година од страна на неколку балкански и европски театарски уметници, секоја година се придонесува за промовирање и афирмирање на Преспанскиот регион преку презентација на врвни уметници од земјава и од странство. Токму затоа, општината ќе даде максимална поддршка на овој настан.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: континуирано.

### Проект Поддршка на Љубански илинденски иселенички средби

**Опис:** Преку овој проект и понатаму целосно ќе го поддржуваме спроведувањето на овие иселенички средби, на кои, покрај културните средби посебно внимание ќе се дава на деловните средби преку кои се има цел да се укаже на поволностите за инвестирање во општината Ресен од страна на нашите иселеници. Проектот ќе има за цел да се приберат средства (добротворни прилози од дијаспората), со која ќе се реализира некаква цел од локално значење.

**Средства:** 50.000,00 денари, годишно.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина/ донации од иселеници

Рок за реализација: континуирано.

**Проект: Ресенска керамичка колонија**

**Опис:** Ресенската керамичка колонија постои веќе 37 години, и во овој период во ателјето на колонијата сместено во туристичката населба Отешево се изработени над 950 експонати од 150 керамичари од европските земји и од САД. Како продукт на сево ова во импозантната зграда „Сарај“ изградена пред еден век на простор од 300 м2 направена е единствената галерија од ваков вид на Балканот каде што се изложени сите експонати. За поголем културен пробив на колонијата којашто е заштитена од УНЕСКО, изминативе години беа организирани бројни изложби во земјава и во странство. Времето на одржувањето на колонијата е во периодот од 01.08. до 20.08.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: август 2013-континуирано.

**Проект Промоција на локално културно наследство**

**Опис:** Преку овој проект ќе ја продолжиме промоцијата на локалното културно наследство на општината Ресен преку изготвување и дистрибуција на информативен и промотивен материјал за знаменитостите и забавно- културните настани кои се реализираат и постојат во нашата општина.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Продолжување на успешната соработка со Швајцарија во областа на земјоделството, животната заштита, економијата, како и соработката со збратимените градови и пријателски општини Белковица од Република Бугарија, Краунд Поинд од САД, Јабука, Искасентѓорг од Република Унгарија, Текирдаг од Република Турција, Шарнхорст и Дортмунд од Сојузна Република Германија, ќе продолжи да биде наша основна заложба. Дополнително ќе создадеме нови збратимувања и соработки со други нови градови и општини.

**Проект Еко-заштита**

**Опис:** Со цел да се намалат загадувањата и да се зголеми заштедата на електрична енергија, преку овој проект ќе воспоставиме меѓугранична соработка со Република Грција, во чии рамки ќе споделиме искуства и знаења за унапредување на енергетската ефикасност во јавните згради и истите ќе ги примениме во нашата општина.

**Средства:** 53.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2015.

**Проект Еколошки брод за мониторинг**

**Опис:** Преку овој проект, во заедничка соработка со Република Грција и со Република Албанија ќе извршиме набавка и воспоставување на туристички тури со еколошки брод, којшто, освен подобрување на туризмот, ќе има за цел и подигнување на свеста за заштита на животната средина.

**Средства:** 7.200.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-континуирано.

### Проект Реконструкција на училишта

**Опис:** Преку овој проект ќе биде извршена реконструкција на две училишта во општината преку соработка и поддршка со Република Грција.

**Средства:** 6.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Меѓународни финансиски институции

Рок за реализација: 2013-2015.

### Проект Збратимување на општината Ресен со општината Преспа од Република Грција

**Опис:** Со цел да ги зајакнуваме и да ги унапредуваме односите со општината Преспа од Република Грција ќе извршиме збратимување на нашите општини.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

## БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

### Проект Продолжување на постапката за поставување хидранти

**Опис:** Проектот ќе опфати поставување на 16 нови хидранти во Ресен и во околните села.

**Средства:** 720.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2014.

### Проект Сигнализација за побезбедна сообраќајна околина

**Опис:** Проектот опфаќа поставување и обележување на сообраќајни помагала за забавување на брзината на возилата во околината на детските градинки, основните и средните училишта и на најфреквентните улици.

**Средства:** 200.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

### Проект Поставување на широкопојасни камери на сите поголеми раскрсници во градот

**Опис:** Со овој проект ќе се овозможи поголема сигурност на луѓето и контрола на сообраќајот во градот.

**Средства:** 400.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2015.

### Проект Обука за ракување со противпожарни апарати и превенција и заштита од пожари за ученици од средните и од основните училишта

**Опис:** Ќе овозможиме поголема безбедност на учениците и наставниците во училиштата. Освен обуката со цел дополнително да се зголемат знаењата кај учениците, ќе продолжиме со поддршка и организација на натпревари од оваа област.

**Средства:** 50.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано.

### Проект Курсеви за едукација на учениците во основните и во средните училишта од областа на сообраќајот

**Опис:** Преку овој проект ќе извршиме зголемување на безбедноста на учениците и подобрување на сообраќајната култура на децата и младите во градот. Предавачи на овие едукациски часови ќе бидат членовите на општинскиот Совет за безбедност на патиштата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-континуирано

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

Политиката на ВМРО-ДПМНЕ е насочена кон обезбедување достоинствен живот на старите лица преку развој на сервисни служби, ширење на мрежата на вонинституционални облици со социјално заштитна функција за лицата со инвалидност, децата без родители и родителска грижа, децата во ризик, како и обезбедување на социјална превенција од можни ризици заради подигнување на квалитетот на живот на индивидуите, семејствата и на општеството во целина.

ВМРО-ДПМНЕ обезбедува „БЕЗУСЛОВНИ И ЕДНАКВИ ШАНСИ ЗА СИТЕ“.

### Проект Изградба на детска градинка во селото Јанковец

**Опис:** Децата заслужуваат соодветна грижа и заштита. Со изградбата на оваа детска градинка во селото Јанковец ќе се осигури процесот на социјализација неопходен за правилен раст и развој на децата. Капиталните инвестиции во детски градинки претставуваат инвестиции во сигурна иднина за најмладите генерации.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013.

### Проект Реконструкција на детската градинка во Ресен

**Опис:** Ќе го промениме комплетниот ентериер на градинката, за што ќе дадеме секаков вид поддршка.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2016.

### Проект Изградба на нови станови за социјални случаи

**Опис:** Ќе овозможиме вдомување на социјалните случаи преку изградба на 18 нови станови.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013–2015.

### Проект Пристапни рампи - право на лице со посебни потреби

**Опис:** Лицата со посебни потреби имаат основно загарантирано право на физички пристап до јавните институциите на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и до другите институции кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата. ВМРО-ДПМНЕ се залага за политика која обезбедува „ЕДНАКВИ ПРАВА И МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ“. Со изградба на пристапните рампи се премостува физичката попреченост и се овозможува достапна средина за лицата со посебни потреби во сите сфери на општест-веното живеење. Задоволувањето на основните човекови потреби е ПРАВОТО на лицата со попреченост за кое се залага политиката на ВМРО- ДПМНЕ и хумана обврска на секој граѓанин во општеството во целина. ВМРО- ДПМНЕ и понатаму продолжува да ја

унапредува положбата на лицата со посебни потреби како наши сограѓани на кои им е неопходна помош и поддршка. ВМРО- ДПМНЕ е тука за СИТЕ.

**Средства:** 500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2014.

### Проект Формирање советодавен пункт за олеснување при вработувањето

**Опис:** Ќе формираме општински советодавен пункт преку кој ќе се даваат информации за помош и совети при вработување. Општинската администрација согласно со своите политики за намалување на невработеноста, во соработка со Агенцијата за вработување на РМ и со Центарот за социјални работи, преку трибини, лични средби и посети во домовите на граѓаните ќе помага и ќе ги поттикнува невработените да аплицираат за вработување преку активните политики за вработување, при тоа посветувајќи посебно внимание на унапредувањето на положбата на ранливите групи меѓу кои и: децата без родители, самохраните родители, постарите лица од 55-62 години, професионалните војници, жртвите на семејно насилство и инвалидните лица, како и спречување на ризиците од нивно маргинализирање.

**Средства:** 300.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Поевтини лекови** – при што продолжуваат заложбите за дополнителни намалувања на цените на лековите. Со тоа се овозможува поголема достапност на лековите, но и сериозна заштеда на финансиски средства во здравствените установи и кај граѓаните;
- **Бесплатно болничко лекување за пензионери** доколку е нивната пензија пониска од просечната во Република Македонија;
- **Бесплатна ХПВ-вакцина за спречување на ракот на матката** кај женската популација, скрининзи, превенција на кардиоваскуларни болести;
- **Бесплатни здравствени превентивни прегледи** - за проверка на холестерол, гликемија во крв, кои се прават на пунктовите и при тоа се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење;
- **Национален систем за закажување интервенции** – чиј почеток претставува проектот „Мој термин“, со кој во голема мера се придонесе кон намалување на времето на чекање на пациентите за одредени здравствени услуги и дијагностички процедури;
- **Обезбедување услови за стручно усовршување на здравствените работници** и здравствени соработници;
- **Реорганизирање и зајакнување на здравствените домови** - зголемување на бројот и видот на услугите со фокус на населението во руралните средини, вклучително и унапредување со опрема и доекипирање на поливалентна (повеќефункционална) патронажна служба во нивните рамки, проект кој во голема мера ќе придонесе за зајакнување на соработката помеѓу матичните гинеколози и патронажните сестри со цел навремено меѓусебно информирање за бремени и породени жени, зголемување на бројот и видот на услугите што ќе бидат давани од страна на патронажните сестри на населението во руралните средини.

Во соработка со Владата на Република Македонија и понатаму ќе продолжиме континуирано да го унапредуваме системот на здравствена заштита, со што ќе се

овозможи граѓаните-корисници на здравствените услуги да бидат задоволни, а нивните проблеми брзо и ефикасно решени.

### Проект Втора фаза на реконструкција на Здравствениот дом Ресен

**Опис:** Оваа реконструкција опфаќа обновување на фасадата на Здравствениот дом, со што ќе се овозможи заштеда и поголема енергетска ефикасност на објектот.

**Средства:** 3.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013.

### Проект Партерно уредување на просторот во рамки на Здравствениот дом Ресен со изградба на паркинг

**Опис:** Овој проект предвидува партерно уредување на просторот во рамки на Здравствениот дом Ресен, изградба на паркинг и осветлување на надворешниот простор, поставување на канделабри, поплочување на пристапни патеки и изградба на пристапни рампи за инвалидни лица, како и хортикуларно уредување на просторот.

**Средства:** 3.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2016

## ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

**РЕКОНСТРУКЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ**

### Проект Реконструкција на локалниот пат с. Крани – с. Арвати

**Опис:** Овој проект опфаќа реконструкција на локалниот пат од селото Крани до селото Арвати во должина од 1.166 метри. Преку реализација на истиот ќе се овозможат побезбедни и поквалитетни патувања и транспортни активности на оваа релација.

**Средства:** 7.600.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2014.

### Проект Реконструкција на локалниот пат за селото Подмочани

**Опис:** Овој проект опфаќа реконструкција на локалниот пат за селото Подмочани во должина од 820 метри. Преку реализација на истиот ќе се овозможат побезбедни и поквалитетни патувања и транспортни активности на оваа релација.

**Средства:** 7.400.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2014.

### Проект Реконструкција на локалниот пат за селото Лавци

**Опис:** Овој проект опфаќа реконструкција на локалниот пат за селото Лавци во должина од 702 метри. Преку реализација на истиот ќе се овозможат побезбедни и поквалитетни патувања и транспортни активности на оваа релација.

**Средства:** 4.900.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2014.

### Проект Реконструкција на локалниот пат за селото Стење

**Опис:** Овој проект опфаќа реконструкција на локалниот пат за селото Стење од инфо-центарот до Полициската станица Стење во должина од 250 метри, со што ќе се

овозможат побезбедни и поквалитетни патувања и транспортни активности на оваа релација.

**Средства:** 2.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2014.

### Проект Реконструкција на локалниот пат за селото Грнчари

**Опис:** Овој проект опфаќа реконструкција на локалниот пат за селото Грнчари во должина од 556 метри. Преку реализација на истиот ќе се овозможат побезбедни и поквалитетни патувања и транспортни активности на оваа релација.

**Средства:** 4.700.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2014.

### Проект Реконструкција на улици во градот

**Опис:** Ќе извршиме реконструкција на улици во населбата „Пролет", околу ОУ „Гоце Делчев" и на патот кон селото Златари.

**Средства:** 4.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2014.

### Проект Тампонирање на пристапните патчиња до овоштарниците

**Опис:** Преку овој проект ќе извршиме тампонирање на пристапните патчиња до овоштарниците на нашите жители. Со тоа ќе постигнеме поголема функционалност на работењето на нашите овоштари и ќе го олесниме процесот на работа и транспорт на бербите.

**Средства:** 1.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок за реализација: 2013-2014.

**УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ**

### Проект Реконструкција на тротоарите во градот Ресен

**Опис:** Со имплементацијата на овој проект ќе извршиме реконструкција на тротоари во должина поголема од 3 км во градот Ресен, со што ќе создадеме услови за побезбедно и попријатно движење на граѓаните.

**Средства:** 1.800.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2016.

## ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

### Проект Јавно осветлување на влезот во градот од правецот на Битола

**Опис:** Преку овој проект општината ќе изврши поставување на јавно осветлување во должина од 500 метри на влезот во градот од правецот на Битола, како и партерно уредување на просторот. Со тоа би се добила една добра и атрактивна визуелизација при влезот во градот.

**Средства:** 1.800.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2013-2016.

### Проект Реконструкција на кровот и на подот во градската спортска сала

**Опис:** Реконструкцијата ќе опфати интервентно затворање на пропустите на кровот од каде што тече вода во спортската сала во Ресен и целосна промена на подот. Со тоа ќе се создадат подобри услови за спортување и подобар амбиент при одржувањето на спортски натпревари и настани во салата.

**Средства:** 1.200.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок за реализација: 2014-2015.